

ЗАМП

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2020 г

СОДРЖИНА

Финансов сектор.....1
Споредбена наплата 2019-2020.....4
Наплата по категории 1- 6 2019-2020.....5
МРТВ.....6
Наплата 1-7.....7
Кабелски оператори.....8
Сектор за перцепција.....11
Сектор за репартиција.....12
Сектор за документација и меѓународна соработка.....14

Почитувани,

Во извештајот за работата на Здружението за заштита на авторски музички права - ЗАМП опфатени се сите активности кои се случуваа во календарската 2020 година.

1. Распределба на наплата - ФИНАНСОВ СЕКТОР

Вкупната наплата во календарската 2020 година изнесува 115.585.376,00 денари што во однос на 2019 година претставува намалување од 15.821.642,00 денари или намалување од 12,0402%.

2019 г

131.407.018,00

2020 г

115.585.376,00

Наплатата по категории на наплата во 2020 година во споредба со 2019 година изнесува :

Ред. бр.	КАТЕГОРИИ НА НАПЛАТА	НАПЛАТА во 2019 год.	НАПЛАТА во 2020 год.
1	КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА	210.620,00	244.412,00
2	КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА	6.973.036,00	3.169.448,00
3	ЗАБАВНИ ПРИРЕДБИ	8.817.573,00	3.565.585,00
4	ЖИВА МУЗИКА	983.957,00	277.920,00
5	АПАРАТИ ЗА МЕХАНИЧКА МУЗИКА (ЦД плеери, касетофони, радио и ТВ апарати)	32.769.525,00	20.826.102,00
6	КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИО-ТЕЛЕВИЗИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ	11.976.999,00	9.124.593,00
	ВКУПНО (1-6):	**61.731.710,00**	**37.208.060,00**
7	МРТВ	21.812.828,00	23.500.000,00
	ВКУПНО (1-7):	**83.544.538,00**	**60.708.060,00**
8	КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-(согласно договори и Правилник со Тариф за музички права)	47.453.427,00	54.801.431,00
9	КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-(согласно Генерален линцен договор и Лицен договор до 2016г. за музички права)	409.053,00	75.885,00
	СЕ ВКУПНО (1-8):	**131.407.018,00**	**115.585.376,00**

Наплата во 2020 год., споредбено со наплатата во 2019 год., за странски иматели на права

10	КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-(согласно Генерален линцен договор и Лицен договор до 2016г. за музички права)	565.215,00	93.863,00
9	КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-(согласно НОВ Генерален лицен договор склучен 2017г)	8.407.624,00	8.852.678,00
	СЕ ВКУПНО (1-8):	**140.379.857,00**	**124.531.917,00**

СПОРЕДБЕНА НАПЛАТА
2019-2020



Наплата по категории 1-6 2019-2020

Наплатата по категории од 1-6 изнесува 37.208.060,00 денари што во однос на 2019 година претставува намалување од 24.523.650,00 денари или изразено во процентуален износ намалување од 39,7262%.



МРТВ

Во 2020 година наплатени се вкупно 23.500.000,00 денари од МРТВ што во однос на 2019 година преставува зголемување од 1.687.172,00 денари, или во процентуален износ од 7,7348%.

2019 г

21.812.828,00

2020 г

23.500.000,00

НАПЛАТА 1-7

Согласно на погоре искажаното вкупната наплата во категориите од 1-7 изнесува 60.708.000,00 денари што во однос на минатогодишната наплата во класите од 1-7 преставува намалување од 22.836.478,00 денари или изразено во процентуален износ намалување од 27,3345%.



КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ

Од кабелските оператори во 2020 година наплатени се 54.877.316,00 денари по основ на музичките права согласно на потпишаниот Договор за реемитување на музички содржини во телевизиски и радио програми со кабелските оператори, Правилникот со Тарифа за користење на авторски музички дела како и стариот Генерален лиценцен и Лиценцен договор, на ЗАМП што во однос на наплатата од претходната година претставува зголемување од 7.348.004,00 денари или зголемување изразено во процентуален износ од 15,4847%.



Согласно потпишаниот Генерален лиценцен Договор со кабелските оператори од страна на странските имаители на права VG Media, RTL и EBU за правата кои тие ги застапуваат наплатени се 8.946.541,00 денари од кои на ЗАМП, како полномошник за вршење на административно-техничките работи во име на странските имаители на права му припаѓа приход од 10% од наплатените парични во износ од 902.243,00 денари. По одбивањето на договорната провизија од наплатените средства согласно GLA договорите преостанатите средства од 90% им припаѓаат на странските имаители на права.

Од наплатата од реден број 1-6 во износ од 37.208.060,00 денари е пресметан делот што по тој основ им припаѓа на авторите од 85% во вкупен износ од 31.626.851,00 денари.

Овој износ се зголемува со делот што по овој основ им припаѓа на авторите од МРТВ во износ од 19.975.000,00 денари. Овој фонд се зголемува и со наплатата од кабелски оператори за музички права согласно потпишаниот сервисен договор-ЗАМП и иматели на права, договорите за реемитување на музички содржини како и наплатата согласно Правилникот со Тарифа за користење авторски музички дела во износ од 46.631.290,00 денари, паричните средства вратени во 2020 година по завршување на судките постапки во износ од 435.598,00 денари и приходи од камати на орочени денарски средства за 2020 година во износ од 1.313.396,00 денари, приходи од кабелско реемитување на македонски ТВ канали во странство во износ од 52.195,00 денари, со што вкупната маса на парични средства за распределба за репартиционата 2020 година изнесува 100.034.330,00 денари.

Согласно одобрениот план за инвестициони вложувања во 2020 година потрошени се средства од 2.312.310,00 денари, во кои спаѓаат трошоците за водење на судски постапки (судски такси за започнати судски предмети, трошоци за ЦР, извршители, нотари, вештачења, негативната курсна разлика од девизното работење).

Вкупната маса за распределба за репартиционата 2020 година по сите основи изнесува 97.722.020,00 денари што во однос на 2019 година на износ од 112.890.951,00 денари преставува намалување за 15.328.231,00 денари или изразено во проценти намалување од 13,4368%

Согласно склучените билатерални договори со странски авторски друштва, ЗАМП има добиено парични средства во износ од 4.601.136,00 денари од : ARTISJUS-Унгарија, АПРА-Австралија, BUMA-Холандија, PAM-Црна Гора, HDS ZAMP-Хрватска, GEMA-Германија, SOKOJ-Србија, KODA-Данска, AKM-Австрија, JASRAC-Јапонија, UCMR ADA – Романија, LATGA-Литванија, EAU-Естонија, AKKA LA-Летонија, SGAE-Шпанија, TEOSTO-Финска и SAZAS-Словенија, а исплатени се кон странските авторски друштва КОДА-Данска, MUSICAUTOR-Бугарија, JASRAC-Јапонија, OSA-Чешка, APRA-Австралија, SPA-Португалија, SADAIC-Аргентина, SOCAN-Канада, UBC-Бразил, UCMR ADA-Романија, MESAM-Турција, BMI-Америка, SUISA-Швајцарија, SOKOJ-Србија, SAZAS-Словенија, STIM-Шведска, BUMA-Холандија, IMRO-Ирска, SIAE-Италија, AKM-Австрија, ARTISJUS-Унгарија, RAO-Русија, SACM-Мексико и TEOSTO-Финска износ од 10.204.507,00 денари



Согласно Генералниот лиценцен договор за кабелско реемитување во 2020 година наплатени се надоместоците за странските иматели на права членките на EBU координацијата, RTL и VG MEDIA во износ од 8.163.150,00 денари и истите ќе бидат предмет на исплата во 2021 година.

Исплатени се обврските за претходните години према имателите на права и тоа: RTCG-Црна Гора, HRT-Хрватска, TVE-Шпанија и TRT-Турција (како членки на EBU), RTL и VG MEDIA во вкупен износ од 7.408.371,00 денари.

Вкупните приходи на ЗАМП по категории на наплата по основ на законски одобрената провизија од 15% и процентот за покривањето на трошоците во работењето од наплатата од кабелските оператори согласно сервисниот договор изнесуваат 18.237.503,00 денари, а вкупните расходи направени во работењето за 2020 година изнесуваат 17.205.029,00 денари.

2. Сектор за перцепција

Согласно Законот за авторското право и сродните права (Сл. весник на РМ бр. 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16), ЗАМП надоместоците за користење на делата првенствено ги утврдуваше со договори со соодветните здруженија на корисници, односно нивните комори кои претставуваат мнозинство корисници од определена дејност или збир на дејности.

Доколку авторскиот надоместок, ЗАМП не можеше да го определи со договор (општ или поединечен) со корисниците, висината на авторскиот надоместок се пресметуваше согласно Правилник со Тарифа за користење на авторски музички дела (Сл. весник на РМ бр. 153/17).

Правилникот со Тарифа за користење на авторски музички дела ги определува условите под кои корисниците (правни или физички лица) можат јавно да соопштуваат, односно објавуваат музички дела што ги штити ЗАМП на нашата територија.

Како и секоја година така и во тековното работење во 2020 година, ЗАМП се соочуваше со неисполнување на обврските од страна на определен број на корисници, кои и покрај нашите опомени за неисплатени обврски кои им се доставуваа и по неколку пати, покажуваа крајна непослушност, па од тие причини ЗАМП беше принуден авторскиот надоместок да го побарува во судски постапки.

Согласно обезбедените докази кон крајот на 2020 година, поднесени се вкупно 93 предлози за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојни исправи – фактури, сите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје. Со поведување на постапки за присилна наплата на заостанатиот долг по основ на неплатен авторски надомест, се соочија корисниците кои уредно и навремено не ја исполнија својата законска обврска за плаќање на авторски надоместок за јавно соопштување на авторски музички несценски дела.



Во текот на 2020 год., ЗАМП склучи договори за утврдување на висината на надоместоците со трговските радиодифузни друштва (телевизии и радија), за периодот 2020 – 2021 год., и ги обнови договорите со кабелските оператори.

Во текот на 2020 год., ЗАМП во континуитет склучува договори со корисниците кои користат авторски дела по пат на механичка музика, како што се угостителските објекти, хотелите, ресторените и сл.

На име судски такси, Централен регистар на РМ, адвокати, нотари, вештачења и извршители потрошени се 2.224.925,00 ден. од кои еден дел се вратени во 2020 година по завршување на постапките во износ од 435.598,00 ден. од судски постапки од претходни години.

3. Сектор за репартиција

Во текот на работната 2020 година во секторот за репартиција се работеше на реализација на тековните работни задачи во секторот, како и на подобрување на севкупното работење во рамките на информатичкиот систем.

Со завршување на процесот на внес на дела од програмите доставени од корисниците и документациската работа, се ажурираше и оптимизираше базата на податоци, се направија неопходните измени во скриптовите и се направија сите останати подготовки за годишната пресметка. Согласно Законот за авторското право и сродните права беше извршена пресметката за репартиционата 2019 година во која беа опфатени 3221 домашни автори, а беше реализирана и пресметката за странските здруженија со кои ЗАМП има склучено билатерални договори.

Секторот за репартиција во тековната година изврши и пресметка за домашните автори чии дела биле изведени во странство и за чии изведби биле наплатени авторските надоместоци. Во декември 2020 година беа реализирани исплатите за домашните автори согласно договорите за реципроцитет од следните авторски здруженија: ACUM- Израел, AKM- Австрија, AMUS- Босна и Херцеговина, APRA- Австралија, BUMA- Холандија, HDS ZAMP- Хрватска, JASRAC- Јапонија, KODA- Данска, PAM- Црна Гора, PRS-Англија, SAZAS- Словенија, SOCAN-Канада, SOKOJ-Србија, SUISA- Швајцарија, TEOSTO- Финска и TONO – Норвешка.

Секторот за репартиција во текот на целата 2020 година ги следеше новите трендови на полето на репартицијата. Изработените софтверски решенија кои овозможуваат да се испраќаат и да се примаат извештаите од и за странските авторски здруженија во електронскиот формат Е4 и CRD беа во употреба и активно се користеа. Беше изготвена и севкупната документација од базите на податоци со нејзино дополнување и ажурирање. За програмите на емитувани дела на корисниците беше користен Batch- внес на податоци во рамките на постоечката апликација -Сазек, со што голем дел од процесот на внес беше автоматизиран и резултираше со значително намалување на времето за извршување на споменатите процеси и значителна заштеда во работењето. Беа преземени сите мерки за одржување на оперативните системи, системот на управување со базите на податоци и апликативниот софтвер, а тековно беа извршувани и редовните back-up процедури. Како надградба на постоечкиот информативен систем беше воведен и нов виртуелен сервер со вклучен Active Directory со што се отвори поголем простор за работа на постоечките апликации на ЗАМП, а воедно и се постигна зголемена оперативност и безбедност во работењето. Во полето на дигиталните сервиси се работеше на изготвување на потребните податоци.

Поради новонастанатата КОВИД ситуација, предвидените планови за одржување на Деловниот Техничкиот Комитет (BTC) во 2020 година, беа променети со одржување на online Webinar. На online-комитетот кој се одржа на 19.10.2020 година беа разгледувани прашања поврзани со правилата и праксата за неодиентификуваните дела, искуствата и новините во Деловните Правила (Binding Resolutions), третманот на музиката во реклами и начинот на работа и праксата при користење на мешани дела .

На 19.11.2020 година беше одржан и ISWC Webinar на кој беше демонстрирана новата функционалниот на веб страната на ISWC. На webinar-от беа презентирани: новиот пристап до порталот, поставување на нови дела во ISWC-базата, како и ажурирање и уредување на метаподатоците.

За одржување на севкупната безбедност во компјутерската мрежата на ЗАМП беше обновена лиценцата на огнениот ѕид Cisco Meraki, а во континуитет се следеа работата и извештаите на антивирусниот програм Symantec Endpoint Protection.

На веб страната на ЗАМП од 01.09.2020 г. беше поставен нов модул за пребарување на пријавени музички дела и автори од домашниот репертоар на ЗАМП. Со новата алатка на авторите им се овозможи пристап и информации до сите домашни пријавени авторски дела. Во текот на целата година се работеше на ажурирање, дополнување и збогатување на содржините на официјалната веб страна на ЗАМП.

4.Сектор за документација и меѓународна соработка

Почитувајќи ги принципите утврдени од Бернската Конвенцијата секое друштво воспоставува национален системи за регистрација на авторските дела. Остварувањето на авторското право се врши преку обезбедување на носители на право со едноставен и ефективен начин јасно да се утврди авторството. Информациите содржани во националните регистри не се само потребни во правните и економските односи, но исто така може да претставува ризница на културно-историското наследство.

Со напредокот на дигиталната технологија, голем број точни податоци за сопственост станаа лесно достапни. Од таа причина ја истакнуваме важната улога што регистрацијата на автори дела може да ја одигра и надвор од традиционалните функции во остварувањето на правата, односно докажувањето сопственоста.

Во текот на 2020 година Секторот за документција регистрираше 101 нов автор и ностители на авторски права, кои потпишале договори, односно пристапиле кон ЗАМП. Истотака, во 2020 година регистрирани и евидентирани се 3036 дела.

Мора да напоменеме дека единствениот начин да се спроведе прецизна распределба на авторските надоместоци е валидната документација. Истата се разменува на меѓународно ниво, преку едитирање на нашите податоци во светската база на автори IPI листа и светската база на дела CIS-Net, кон кои ЗАМП пристапува директно (on-line).

Од активностите на Секторот за меѓународна соработка издвојуваме:

1. **Соработка со странските авторски друштва**

Повеќе од 20 години ЗАМП успешно работи на взаемното претставување на авторите со странските сестрински авторски друштва. Оваа година на листата од 53 билатерални договори за мали права и 16 договори за механички права.

2 .Европскиот комитет на CISAC, Webinar, 17/09/2020

Согласно редовната програма на CISAC Европскиот Комитет беше планиран да се одржи на 01/02-04-2020 година во Париз. Со оглед на КОВИД ситуација состанокот се одложи за 17-09-2020 со интернет конференција.

Главни теми на Европскиот комитет беше влијанието на КОВИД ситуацијата, примената Европската директива за дигитален маркет, како и примената на buyouts договорите.

Клучните проекти и приоритети на CISAC во контекст на кризата Covid-19 беа детализирани од генералниот директор на CISAC, Гади Орон. Напорите на CISAC да го ублажи влијанието на Covid-19, особено преку внатрешните промени на CISAC и намалување на буџетот, лобирање и деловни активности за помош на друштвата. Во однос на технологијата, фокусот беше насочен кон имплементација на новиот ISWC систем, замена на WID, визија на CIS-Net за иднината и проект за поврзување на WIPO. CISAC придонесе за неколку трудови, во координација со сестрински организации во Брисел, во врска со јавната консултација за Законот за дигитални услуги. Бидејќи прашањето за buyouts е исто така еден од клучните приоритети, CISAC циркулираше упатство за buyouts помеѓу друштвата. CISAC продолжува со своите лобистички кампањи за приватно копирање со нова глобална студија CISAC/BIEM/Thuiskopie, трансферот на вредност, resale правото и AV правата.

Г-динот Гернот Гранингер е повторно избран за Претседавач на Европскиот Комитет за период 2020-2022. За следен состанок е предвиден терминот 14/15-04-2021, а согласно ситуацијата ќе се одлучи дали ќе биде во Париз или повторно преку интернет конференција.

3. General Assembly CISAC, Webinar, 28/05/2020

Генералното собрание на CISAC требаше да се одржи во Мексико Сити, но КОВИД ситуацијата не префрли повторно на интернет конференција.

Бјорн Улвеус, основачот на светски познатата група АББА во 1972 година, е новиот Претседател на Меѓународната конфедерација на друштва на композитори и автори, CISAC.

Тој беше избран за Претседател од Генералното собрание на CISAC и го замени Jean-Michel Jarre, кој ја вршеше функцијата на Претседател на CISAC седум години и го промени имиџот на организацијата и помогна CISAC да развие нова форма на односи со влијателни носители на одлуки во општествениот живот во Женева, Вашингтон, Брисел, Обединетите нации, Кина и многу повеќе. Генералното собрание со особено задоволство му ја додели титулата почесен претседател на Конфедерацијата, со надеж соработката да продолжи.

Коментирајќи ја својата нова улога, Бјорн Улвеус вели: „Уживав во многу мои успеси во животот како уметник и автор на музика. Сега сум среќен што имав нова можност да се обидам и помогнам на следната генерација уметници на нивниот професионален пат. CISAC има големо меѓународно влијание и јас искрено верувам во нејзината мисија да обезбеди подобри услови за уметниците. Заинтересиран сум за тоа како технологиите што ги користиме можат да работат подобро за да обезбедат правична награда за работата на авторите. Затоа сум многу возбуден од перспективите и од нашата соработка“.

Генералното собрание на CISAC ги избра и потпретседателите на организацијата: светски позната јужноафриканска пејачка, текстописец, актерка, хуманистка и учителка Ивон Чака Чака и водечкиот композитор од Мексико, Артуро Маркез.

Следејќи ги сите нови приеми на членството во CISAC, Генералното собрание информираше дека CISAC брои 232 општества членки во 121 земја: 179 редовни, 39 привремени и 14 придружни членки.

Следниот состанок на Генералното собрание е закажан за 27/05/2021 година.

4. **Регионални средби** на друштвата од бившите Југословенски простори во текот на 2020 не се одржаа.

З А М П
в.д. Директор
Нина Ивановска с.р.